Врз основа на член 11 точка 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18, 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 3 април 2020 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ОДЛУКАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА НЕТО ДОБИВКАТА ЗА ДЕЛОВНАТА 2019 ГОДИНА И ЗА УПОТРЕБА НА ВИШОКОТ НА СРЕДСТВАТА ОСТВАРЕНИ СО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНОТО ПРЕТПРИЈАТИЕ СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА, СКОПЈЕ ЗА 2019 ГОДИНА**

1. Со оваа одлука се дава согласност на Одлуката за распределба на нето добивката за деловната 2019 година и за употреба на вишокот на средствата остварени со работењето на Јавното претпријатие Службен весник на Република Северна Македонија, Скопје за 2019 година, бр. 02-870/1 од 3.4.2020 година, донесена од Управниот одбор на ова јавно претпријатие, на седницата одржана на 3.4.2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија".

**Бр. 44-2826/1**
**3 април 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**